РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 08-407

Скопје 04.03.2015г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/05, 110/08 и 51/11), во врска со предлогот Уп1 бр.08-407 од 02.03.2015 година, на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-1588/8 од 03.03.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 03.03.2015 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

**СЕ ЗАПИРА** покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радиодифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозволата за радио емитување на Друштвото за радиодифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, Агенцијата на ден 08.01.2015 година му доставила фактура за надоместокот за дозволата за радио емитување бр.122/2015 (наш арх.бр.05-179/1), со која претходно наведениот радиодифузерот имал обврска да плати 18.450,00 (осумнаесетилјадичетиристотиниипедесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување, за периодот од 05.01.2015 година заклучно со 04.01.2016 година. Во Агенцијата е доставна повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 10.01.2015 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-1076/1 од 11.02.2015 година, било констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.122/2015 (наш арх.бр.05-179/1) бил 09.02.2015 година, во кој рок радиодифузерот не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, во износ од 18.450,00 (осумнаесетилјадичетиристотиниипедесет) денари.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 6-та седница одржана на ден 17.02.2015 година, со Заклучок, бр.02-1174/18 од 17.02.2015 година, го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.08-407 од 16.02.2015 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радиодифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), со оглед на фактот дека радиодифузерот не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 18.02.2015 година, до погоренаведениот радиодифузер било испратено известување УП1 бр.08-407, со кое бил известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Меѓутоа, до Директорот на Агенцијата на ден 02.03.2015 година доставено е известување од Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата, бр.05-1076/2 од 02.03.2015 година, дека Друштвото за радиодифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, на ден 02.03.2015 година изврши уплата во износ од 18.450,00 (осумнаесетилјадичетиристотиниипедесет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување бр.08-123 од 05.01.2015 година го плати во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), во врска со предлогот Уп1 бр.08-407 од 02.03.2015 година, на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-1588/8 од 03.03.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 03.03.2015 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Согласно член 225 став 1 од Законот за општата управна постапка, против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.